Врз основа на член 112 од Законот за високо образование („Службен Весник на РМ“ бр. 82/18) и одредбите од Статутот на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, Наставничкиот совет на седница одржана на 23.01.2019 година го усвои следниов

# ПРАВИЛНИК
## за работата на внатрешните организациони единици

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува работата на внатрешните организациони единици организирани на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје (во понатамошниот текст: ФБЕ).

**Член 2**

ФБЕ може да организира внатрешни организациони единици со кои се поврзува праксата, знаењето, истражувањето и високото образование и во чие работење може да учествуваат и студентите.

Одлука за нивно организирање донесува Наставничкиот совет, на предлог на Директорот.

За општествено – економската оправданост за формирање на овие форми на дејност, потребно е претходно мислење од Основачот.

**Член 3**

ФБЕ за вршење на својата дејност може да ги организира следните внатрешни организациони единици:

- катедри;
- институти;
- оддели;
- центри;
- лаборатории
- библиотеки и
- други внатрешни организациони единици.

*Катедри*

**Член 4**

Катедрите се формираат од наставните предмети од иста или сродна научна област.

Катедрите ги сочинуваат наставниците од иста или сродна научна област.

Во работата на катедрата може да се вклучат и студентите.

**Член 5**

Катедрите во рамките на своите надлежности:

- соработуваат при приготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
- остваруваат наставно-образовна и научно - истражувачка дејност;
- ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при изведувањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната и научно - истражувачката работа;
- со научно - истражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
- се грижат за пренесување на научно - истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно - образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во двата циклуси на студии;
- развиваат современи педагошки методи;
- се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците;
- предлагаат теми за дипломски работи;
- предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
- вршат и други работи предвидени со овој Правилник и со општите акти на ФБЕ.

**Член 6**

Со катедрата раководи раководител кој на предлог на мнозинство членови на катедрата го именува и разрешува Наставничкиот совет, со мандат од 3 години, со право на уште еден избор.

**Член 7**

Раководителот, во рамките на своите надлежности:

- ја организира и ја води работата на катедрата;
- ги свикува и ги води состаноците на катедрата;
- се грижи за редовното изведување на наставно – образовната и научно – истражувачката работа од областа на катедрата;
- ги извршува одлуките на органите на ФБЕ, кои се однесуваат на работата на катедрата;
- го известува Наставничкиот совет и Директорот за работата на катедрата и
- врши други работи доверени од страна на органите на ФБЕ.

Во рамките на своите надлежности, раководителот може да формира работни групи и комисии, кои за својата работа одговараат пред раководителот.

**Оддели**

**Член 8**

Одделите се формираат заради неопходно поврзување на научните области, насочување и усогласување на наставно – образовната и со неа поврзаната научно – истражувачка дејност на катедрите, како и заради развивање на научните дисциплини и струки од тие области.

Две или повеќе катедри можат да се поврзат во оддел.

**Член 9**

Со одделот раководи раководител кој на предлог на мнозинство членови на одделот го именува и разрешува Наставничкиот совет, со мандат од 3 години, со право на уште еден избор.

Во рамките на своите надлежности, раководителот може да формира работни групи и комисии, кои за својата работа одговараат пред раководителот.

**Центри**

**Член 10**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научно – истражувачката, наставно – образовната работа и меѓународната соработка, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата.

Центрите се формираат во согласност со потребите на ФБЕ, како што е утврдено со Правилник за катедрите.

Како центри на ФБЕ може да се формираат центар за кариера, центар за меѓународна соработка, центар за истражувачка дејност и др.

**Член 11**

ФБЕ основа Центар за кариера заради организирање на практична настава и води посебна евиденција за поранешните студенти (алумни).

Составот, организацијата, делокругот, начинот на работа и други прашања кои се од значење за работата на Центарот за кариера се утврдува со Правилник за работа на Центарот за кариера кој го донесува Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 12**

Центарот за меѓународна соработка на ФБЕ, врз основа на Програмата што ја донесува Наставничкиот совет остварува:

- учество во меѓународни проекти;
- остварување соработка со: универзитети, академии, бизнис заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други субјекти заради унапредување на високообразовната, научно – истражувачката и апликативната дејност;
- размена на научни и стручни публикации и научни информации;
- учество на научни средби, симпозиуми и конференции;
- организирање зимски/летни школи;
- мобилност на студенти и на наставници;
- учество во меѓународни програми, асоцијации и сл.
- и изведување други високообразовни и научни активности.

Надлежностите и работата на Центарот за меѓународна соработка се утврдуваат во Правилникот за меѓународна соработка.

**Член 13**

ФБЕ формира Центар за истражувачка дејност со цел развивање на науката, унапредување на квалитетот на наставата и усовршување на кадарот, воведување на студентите во научно - истражувачка работа, како и создавање материјални услови за работа и развој на ФБЕ.

**Член 14**

Истражувачката работа од претходниот член се остварува преку:

- работи на истражувачки програми, проекти, анализи, експертизи и апликативна дејност;
- индивидуално истражување и експертиза;
- организирање научни собири, симпозиуми, советувања и други видови на собири;
- размена на научни и стручни производи и услуги со домашни и странски физички и правни лица;
- остварува меѓународна научна соработка со вискообразовни и научни установи од земјата и странство.

**Член 15**

Со секој од центрите раководи раководител кој го именува и разрешува Директорот, со мандат од 3 години, со право на уште еден избор.

**Лаборатории**

**Член 16**

Лабораториите се формираат за практично изведување на наставно – образовната, научно – истражувачката и апликативната работа.

За функционирање на лабораторијата, Директорот именува одговорно лице.

**Стручна и административна служба**

**Член 17**

На ФБЕ, во рамките на стручните и административните служби, завршење на стручните и административните работи, се формираат следните внатрешни организациони единици:

- Служба за студентски прашања и
- Библиотека;

По потреба може да се формираат и други стручни и административни служби, со согласност на Наставничкиот совет, а на предлог на Директорот.

**Член 18**

Како стручни и административни работи се сметаат планско – аналитичките работи, персоналните работи, работите во книговодството, евиденцијата и статистиката, работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите од правно – стручна природа, работите на компјутерската мрежа, на информативниот и на библиотечниот

систем на ФБЕ, издавачката дејност, административните работи (примање и испраќање пошта, деловен протокол, архивски и сл. работи), општите работи, работите на чување на објектот, одржувањето и чувањето на просториите, како и други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

**Член 19**

Со работата на стручните и административните служби раководи Секретарот на ФБЕ, а согласно Статутот на ФБЕ и Правилникот за систематизација на работните места.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 20**

Работата и начинот на донесување одлуки на внатрешните организациони единици поблиску е уреден со Деловникот за работа за начинот на работа и одлучување на Наставничкиот совет, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици.

**Член 21**

Автентично толкување на одредбите од овој Правилник дава Наставничкиот совет на ФБЕ.

**Член 22**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Директор,
д-р Биљана Ѓозинска, с.р.